јата" од Перо Коробар; „Проблемот на евиденцијата и планирањето на споменициите на Револуцијата" од Душан Аврамовски, советник во Републичкиот комитет за култура (Скопје), Проф. д-р Антоние Николовски, поднесе реферат на тема, „Заштитата на спомениците од НОВ и Револуцијата во СР Македонија", а проф. д-р Војо Кушевски, поднесе реферат на тема: „Можностите и предностите од користењето на спомениците од НОВ и Револуцијата во наставата".

Актуелните проблеми и задачи сврзани со оваа тематика, во форма на заклучоци, ја имаа својата доминанта во следново:

— да се води сметка (посебно во времето на економската стабилизација) за планско подигање на новите споменици;

— нивното подигнување да биде врз база на претходно изработени програми;

— поконкретно да биде дефинирана нивната намена и функционалност;

— трајноста на меморијалите да се изразува како во квалитетот на нивната изградба, така и во солидната и стручна изведба;

— покрај програмирањето на нивната изградба, програмски треба да биде обезбедена и осигурана и нивното одржување и заштита;

— спомениците на НОВ и Револуцијата, како и другите, треба да најдат свое адекватно место и во едукативниот процес на сите негови нивоа, и особено сред студентската младина.

Значи, треба да се знаат, нашите обврски кон спомениците, што има свое посебно етичко и воспитно значење за сегашните и идните генерации.

Воислав Д. КУШЕВСКИ

## ШКОЛА НА МЛАДИ МАРКСИСТИ

### За работата на Осумнаесеттата сесија на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски"

Осумнаесеттата сесија на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски" се одржа во Отешево на 7 и 8 јануари 1984 година. Сесијата расправеше по темата „Маркс и современоста". Со оваа тема Школата се вклучи во одбележувањето на стогодишнината од смртта на Карл Маркс.

Воведно излагање поднесе д-р Ферид Мухиќ, професор на Филозофско-историскиот факултет во Скопје. Во работата на Сесијата со свои соопштенија учествуваа 120 млади научни работници, асистенти, студенти и ученици од средните училишта во Републикава. Сесијата работеше во две секции.

Првата секција работеше на тема „Актуелноста на Марксовата мисла денес". Кореферат поднесе Мирко Ѓошевски, асистент на Филозовскиот факултет во Скопје. Со работата на секцијата раководеа Јован Корубин, асистент на Фило-

зофско-историскиот факултет во Скопје и Зорица Атанасовска, асистент на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита во Скопје. Во оваа секција беа поднесени 36 соопштенија во кои беа опфатени содржини низ кои се разработуваше актуелноста на Марксовата мисла и обидите да се оспорува Маркс, потоа духовниот хоризонт на Марксовото дело, хуманистичката проблематика, општествените законитости, диктатурата на пролетаријатот и сл. Во оваа секција особено беа присутни соопштенијата во кои се разработуваше придонесот на југословенската теорија и практика и развој на марксизмот, со посебни осврти за придонесот на Јосип Броз Тито за развојот на марксизмот. Учесниците во дискусијата со своите прикази ја збогатија работата на секцијата.

Во втората секција на тема „Марксизмот и современите општествени промени“ беа поднесени 36 соопштенија. Корефат на тема „Потребата од рефилозофикација на Маркс и кризата на марксизмот“ поднесе м-р Љубомир Цуцуловски, предавач на Филозофско-историскиот факултет во Скопје. Со оглед на големиот број соопштенија и широкиот спектар на прашања опфатени во нив, во секцијата дискусијата беше насочена кон три глобални проблеми: 1. Марксовите погледи и сфаќања за класите и класната борба и општествено-економските промени; 2. Актуелноста на Марксовото дело низ призмата на југословенската револуционерна практика и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и 3. Актуелноста на Марксовата економска мисла.

Во невообичаено богатата дискусија зедоа учество 25 дискутанти. Дискусијата започна со изнесувањето на некои аспекти и дилеми околу кризата на марксизмот што впрочем беа, меѓу другото, и предмет на елаборирање во корефератот.

Предмет на посебно интересирање кај учесниците во расправата беше проблематиката на Марксовото сфаќање на класите, класната поделеност на општеството, класните борби и факторите, што ги детерминираат општествено-економските промени. Во овој контекст беа третирани и прашањата за диктатурата на пролетаријатот, принципите на организацијата на социјалистичката држава и сл.

Покрај ова работата на секцијата беше насочена и кон согледување на некои значајни практични проблеми од изградбата на социјалистичкото самоуправно општество на Југославија. Во овој домен жива расправа меѓу учесниците предизвика прашањето за класно-социјалната структура на југословенското општество. Исто така, посебен интерес пробудија и прашањата за специфичноста на југословенската социјалистичка револуција.

Бројните проблеми што беа предмет на дискусија на учесниците на втората секција нужно беа третирани и анализирани во контекстот на свежината и актуелноста на марксовата научна мисла при што посебно беше укажано и на длабоката научна фундираност на марксовото дело.

Исто така и низа актуелни економски и социјални прашања (продуктивниот и непродуктивниот труд, вработеноста, односно невработеноста, актуелните пробле-

ми во здружениот труд, проблемите на распределбата воопшто и распределбата според трудот посебно и слично) предизвикаа значаен интерес кај учесниците на втората секција.

На пленарната седница, со која заврши сесијата, беа поднесени извештаи за работата на секциите и се резимира целокупната работа на Осумнаесеттата сесија на Школата на млади марксисти „Стив Наумов — Мите Богоевски".

Од ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје во работата на сесијата со своите соопштенија учествуваа: м-р Кочо Сидовски „МАРКС: Принципот на моралот во меѓународните односи" и студентот Томе Костадиновски „Местото улогата и задачите на СКЈ во остварувањето на самоуправувањето во СФРЈ".

Во рамките на Сесијата се одржа и годишно собрание на кое беше поднесен извештај за периодот од 1981 до 1983 година. Како што беше истакнато во дискусијата, и за овој период како и за претходните може да се говори за своевидно масовно прифаќање и влијание на младите од Републикава во активностите на Школата. Зголемен е бројот на учесниците од сите средини. Тоа посебно е значајно за учесниците од студентската младина и младите научни кадри. Треба да се истакне дека со свои соопштенија редовно учествуваат меѓу другите и повеќе студиски групи на Филозофскиот факултет во кои влегува и ННСГ за историјата.

На годишното собрание беше избран и нов Совет на Школата. За активен придонес и учество на сесиите на Школата во изминатите десет години на голем број организации, факултети, меѓу кои и Филозофскиот факултет, и средни училишта им беа доделени благодарници.

*Кочо СИДОВСКИ*